DESCRIPTIO MACEDONIAE




DESCRIPTIO MACEDONIAE
**СТАРИ МАПИ НА МАКЕДОНИЈА**
**(XV - XX век)**

Организатор на изложбата:
Општина Центар - Скопје

Коорганизатори:
Археолошки музеј на Истра - Пула
Музеј на Македонија - Скопје

Автор на изложбата и на текстот:
Алдо Климан

Изложбена поставка:
Андреа Сардоз

Ликовно-гарфичка опрема на изложбата:
Маурицио Ферлин

Дизајн на проспектот:
Алфио Клариќ

Издавач:
Археолошки музеј на Истра - Пула

Тираж 500 примероци
Пула, 2012

DESCRIPTIO MACEDONIAE




МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА
arheološki muzej istre

DESCRIPTIO MACEDONIAE




**“МЕЃУНАРОДНИ ДЕНОВИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР 2012”**

# СТАРИ МАПИ НА МАКЕДОНИЈА
## XV - XX век

DESCRIPTIO MACEDONIAE
DESCRIPTIO MACEDONIAE

## Стари мапи на Македонија
## XV - XX век

Како несекојдневни уметнички артефакти, понекогаш аскетски едноставни, понекогаш разиграни од бои и форми, а секогаш допрени од времето и од патина, но и од духот и мислите на оние низ чии раце минувале во текот на долгите столетија, старите мапи сами по себе се многу убави и привлечни.

Но, една мапа - илјада зборови!

Тоа што тие во себе го носат зад примарниот шарм и суптилната загадочност всушност е слоевитата историја, неизбришливото сведоштво за времињата што профучиле и протатниле низ живописните простори обликувани од вешти раце на многубројните стари мајстори, знајни и незнајни цртачи и гравери, по тие непрегледни шаховски полиња од меридијани и напоредници исполнети со возбудлива симболика од знаци што ги одредувале дамнешните политички соништа и цели, како и тоа ќе има ли војна или мир.

Македонија, земја со исклучително богато културно-историско минато, а притоа и вистински крстопат и место на средба на големи и различни култури и цивилизации, од секогаш им била интересна на картографите, од Птоломеј и авторот на прочуената Појтингериана, па преку Минстер, Меркатор и Блае до Лапи и подоцнежните современи автори. Нејзината илјадници години стара приказна овде е раскажана со јазикот на старите мапи кои сугестивно сведочат за долгото постоење на еден несекојдневен, препознатлив цивилизациски микрокосмос, кој и во минатото бил а и денес е опфатен со едно единствено име - Македонија.

Од самите почетоци на современата цивилизација Македонија и физички, и со својата географска местоположба, но и со своето живо учество во светската историја била во самото средиште на настаните, па старите картографи не морале да ја откриваат како непозната земја. Таа била дел од познатиот свет, па така била и претставувана на најраните географски карти, како оние од Птоломеј.

Меѓу европските средновековни картографи турските освојувања внесоа енигма, зашто Македонија наеднаш се нашла во срцето на европскиот имот на Отоманското царство кое за западниот свет, особено во првите векови од неговото владеење на тој простор, всушност и претставувало своевидна енигма. Затоа на мапите од тоа време понекогаш податоците се конфузни и непрецизни, особено во разместувањето на топонимите кои неретко се означени и на сосема спротивни страни од вистинските позиции.

Подоцна, во духот на ренесансата и барокот, како впрочем и на картите од сите краишта на светот, географските содржини ќе се разиграат и на мапите на Македонија. Тие стануваат сè поубави и поинтересни, сè поисполнети со стари, главно антички историски податоци, како и со оние современи. Претежно тоа се географско-историски мапи, поретко политички. Повеќето се изработени за академски и универзитетски потреби, па и нивната реализација е на највисоко ниво на тогаш достигнатите картографски вештини.

Од почетокот на XIX век па натаму, особено во втората половина на тој век и во периодот на Балканските војни, мапите на Македонија, како и оние на кои таа е претставувана во рамките на европскиот дел на Турција, главно се политички карти, фокусирани врз најчувствителното админстративно турско подрачје Румелија, во кое била опфатена и Македонија. Европските држави на секој начин сакаа да ја исфрлат Турција од Европа, па општиот меѓународен притисок се одразил и врз тогашната картографија. Така Македонија повторно се нашла во фокусот на понагласен интерес на европските и светските картографи.

Периодот на Балканските војни, најтрагични за Македонија, која тогаш насилно е поделена и разграбена помеѓу Србија, Бугарија и Грција, сугестивно е прикажан на оние мапи што токму во времето на тие драматични настани се печатени низ Европа, особено во Германија. Тие потресно сведочат за територијалното насилство и грабежот над Македонија, што картографијата помеѓу двете светски војни, како и во текот и по Втората светска војна, главно ќе настојуваат да ги забашурат и да ги негираат.

Но вистината за сето она што реално се случило во историјата непобитно ни ја посведочуваат самите карти на Македонија.







